# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ


| | |
|---|---|
| ”Службен гласник на Општина Ѓорче Петров” Излегува по потреба | 20.Мај.2006 год. Скопје Бр. 6 Год. I |

www.opstinagpetrov.gov.mk opstinagpetrov@yahoo.com


**Скопје Јуни 2006 година**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Правилник за начинот, условите и постапката за доделување на годишна награда и признанија и одбележување на други празници**

Се објавува Правилникот за начинот, условите и постапката за доделување на годишна награда и признанија и одбележување на други празници, што Советот на Општина Ѓорче Петров ги донесе на Дваесетипеттата Седница на Советот, одржана на ден 19.06.2006 година.

**Број 08-1312/1**
**од 20.06.2006 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 16 точка 34 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006) и член 4 од Одлуката за утврдување празник на Општината (Службен гласник на Град Скопје бр. 10/01), Советот на Општина Ѓорче Петров, на 25-тата Седница одржана на ден 19.06.2006 година, донесе

# П Р А В И Л Н И К
## за начинот, условите и постапката за доделување на годишна награда и признанија и одбележување на други празници

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој Правилник се уредуваат начинот, условите и постапката за доделување на Годишната награда на Општина Ѓорче Петров - Ѓорче Петров (во понатамошниот текст - Награда) и други прашања во врска со доделувањето на Годишната награда, признанија и одбележување на други празници.

**Член 2**

Наградата се доделува на физички и правни лица од Општина Ѓорче Петров и од Република Македонија, како знак на општествено признание за особени постигнувања во областа на стопанството, науката, уметноста, културата, спортот, воспитувањето и образованието, заштитата и унапредувањето на животната средина и природата, како и во други области на трудот и творештвото од значење за развојот на Општината и нејзината афирмација во Република Македонија и во светот.

**Член 3**

Наградата се доделува и на ученици и на студенти за творечки труд или за континуирани успешни резултати во наставни и вонnаставни активности.

**Член 4**

Наградата се доделува за остварување во период од 1 (една) година до објавување на Конкурсот, како и за подолг период на работно и творечко ангажирање.

**Член 5**

Наградата ја доделува Советот на Општина Ѓорче Петров, а ја врачува Градоначалникот на Општината.

Наградата се доделува на поединци, група творци или правни лица.

**Член 6**

Пофалницата, благодарницата, признанието или плакетата содржи назив на наградата, година за кога се доделува, име и презиме, односно назив на добитникот и назив на трудот, делото односно постигнувањето за кое се доделува наградата.

За ученици и студенти покрај елементите од став 1 на овој член, содржи и назив на училиштето на наградениот ученик, односно високо школските установи на наградениот студент.

**Член 7**

Наградата се доделува врз основа на конкурс што се објавува во средствата за јавно информирање.

Конкурсот се објавува во средствата за јавно информирање најдоцна до 28 Април во тековната година и трае 30 дена.

Наградата Општината ја доделува на денот на празникот на Општината.

## II. КОМИСИЈА

**Член 8**

Постапката за предлагање и утврдување на предлозите ја спроведува Комисијата за спорт,млади,признанија и награди на Советот на Општина Ѓорче Петров (во понатамошниот текст - Комисија)

**Член 9**

Комисијата, во својата работа може да вклучи и истакнати научници, просветни, културни и спортски работници од подрачјето на Општина Ѓорче Петров со право на дискусија и стручно мислење, но не учествуваат во одлучувањето за предлогот за доделување на наградата.

## III. ПОСТАПКА ЗА ПРЕДЛАГАЊЕ НА НАГРАДИ

**Член 10**

Право да предлагаат кандидати за наградата имаат сите правни и физички лица со седиште, однсоно живеалиште на подрачјето на Општина Ѓорче Петров.

Градоначалникот, членовите на Советот и Комисијата можат да давит предлози за доделување на наградата се до донесувањето на Одлуката за доделување на наградата од страна на Советот на Општина Ѓорче Петров.

Предлогот мора да биде образложен, а кога се однесува на поединци, група творци или ученици, односно студенти, треба да се приложи и кратка биографија.

**Член 11**

Претседателот на Комисијата е должен најдоцна 10 дена од истекот на рокот во конкурсот за доставување на предлози, да свика седница на Комисијата за разгледување на пристигнатите предлози и за утврдување предлог за доделување на Наградата.

**Член 12**

Комисијата најпрвин утврдува дали пристигнатите предлози се доставени во предвидениот рок и дали се во согласност со условите и критериумите од конкурсот.

**Член 13**

Врз основа на расправата по предлозите Комисијата со јавно гласање утврдува кандидати за доделување на наградата, доколку не одлучи гласањето да биде тајно.

Одлуката за утврдување кандидати се донесува со мнозинство гласови од сите членови на Комисијата.

**Член 14**

Комисијата до Советот доставува Предлог-Одлука за доделување на Годишната награда *Ѓорче Петров*

**Член 15**

Предлогот за доделување на Наградата го потпишува Претседателот на Комисијата и го доставува до Советот на Општината.

Предлогот од став 1 од овој член содржи покрај Листите на предложените кандидати и образложение за секој кандидат посебно.

**Член 16**

Одлуката за доделување на Наградата ја донесува Советот на Општината на Седница.

Советот со јавно гласање се изјаснува за прифаќање на предлогот на Комисијата во целина.

Советот не може да донесе Одлука за доделување на Наградата без предлог на Комисијата.

Седницата на Советот на која се донесува Одлука за доделување на награда треба да се одржи најдоцна до 18 Јуни, односно 10 дена пред доделување на наградата.

**Член 17**

Одлуката за доделување на Наградата се објавува во средствата за јавно информирање и во Службеното гласило на Општина Ѓорче Петров.

Наградата се доделува на празникот на Општината 28 Јуни во тековната година.

## IV. СРЕДСТВА ЗА НАГРАДАТА

**Член 18**

Средствата за Награда се обезбедуваат од Буџетот на Општина Ѓорче Петров.

Видот и бројот на награди ги утврдува Комисијата со Предлог-Одлука.

## V. ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ДРУГИ ПРАЗНИЦИ

**Член 19**

Општината одбележува и други празници, манифестации и јубилеи, согласно изготвена Програма на Комисијата.

**Член 20**

Сите покани за одбележување на празници и манифестации упатени до Советот на Општина Ѓорче Петров од трети лица и институции се доставуваат до Комисијата.

Претседателот на Комисијата е должен еднаш неделно да ги проверува поканите и во консултација со членовите на Комисијата да ги реализира.

За техничката реализација на претставувањето на Општината кон трети лица се грижи одговорниот за протоцол.

**Член 21**

Со влегување во сила на овој Правилник, престанува да важи Правилникот за начинот, условите и постапката за доделување на годишна награда и признанија и одбележување на други празници бр. 07-383/4 од 17.04.2002 година.

**Член 22**

Овој Правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во *Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров*.

**Број 07-1263/3**
**од 19.06.2006 година**
**С к о п ј е**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**П р е т с е д а в а ч,**
**Харалампије Анѓелковски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлука за доделување на годишна награда**
***Ѓорче Петров* во 2006 година**

Се објавува Одлуката за доделување на годишна награда *Ѓорче Петров* во 2006 година, што Советот на Општина Ѓорче Петров ги донесе на Дваесетипеттата Седница на Советот, одржана на ден 19.06.2006 година.

**Број 08-1312/2**
**од 20.06.2006 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 16 точка 34 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр. 5/06) и член 17 од Правилникот за начинот, условите и постапката за доделување на годишни награди и признанија и одбележување на други празници (Службен Гласник на Град Скопје бр. 6/02), Советот на Општина Ѓорче Петров на 25-тата Седница, одржана на ден 19.06.2006 година, донесе:

## О Д Л У К А
## за доделување на годишна награда
## *Ѓорче Петров* во 2006 година

**Член 1**

Како знак на општествено признание за особени остварувања во стопанството, науката, уметноста, културата, спортот, воспитанието и образованието, заштитата и унапредувањето на животната средина и природата, како и во други области на трудот и творештвото од значење за развојот на Општината и нејзината афирмација во Република Македонија и во Светот, Годишната награда *Ѓорче Петров* за 2006 година се доделува на:

1. **Индира Кастратовиќ** од Скопје, ул. Владимир Комаров бр.1/2-19, поранешна ракометарка на РК *Кометал Ѓорче Петров* - Скопје, за посебен придонес во ракометниот спорт и афирмација на името на Општината на домашен и меѓународен план.

2. **Фудбалскиот Клуб Македонија - Ѓорче Петров** - Скопје, за освојување на Купот на Република Македонија во фудбал и афирмација на името на Општината во Република Македонија и меѓународна сцена.

3. **Културно уметничкото друштво *Глигор Прличев*** - Општина Ѓорче Петров - Скопје, за посебени достигнувања во областа на фолклорот и културата и афирмација на Општината во Република Македонија и надвор од нејзините граници.

4. **Владимир Чубриноски** од Скопје, ул. Социјалистичка Зора бр. 46 - Ѓорче Петров, за постигнати резултати во тенискиот спорт во Република Македонија и во Светот.

5. **Надица Лешникоска** од Скопје, ул.Ѓорче Петров бр.60/3-4, за постигнати резултати во областана литературното творење.

**Член 2**

Наградата од член 1 точка 1 се состои од Плакета и уметничка слика.
Наградата од член 1 точка 2 се состои од Плакета.

Наградата од член 1 точка 3 се состои од Плакета и паричен износ од 12.000,00 денари.

Наградата од член 1 точка 4 се состои од Плакета и паричен износ од 6.000,00 денари.

Наградата од член 1 точка 5 се состои од Признание.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во *Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров*.

**Број 07-1263/4**
**од 19.06.2006 година**
**С к о п ј е**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**П р е т с е д а в а ч,**
**Харалампије Анѓелковски с.р.**

# СОДРЖИНА

## Општина Ѓорче Петров

1. **Правилник за начинот, условите и постапката за доделување на годишна награда и признанија и одбележување на други празници. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . стр. 2**

2. **Одлука за доделување на годишни награди *Ѓорче Петров* во 2006 година . . . . . . . . . . . . . . . . . . .. . . . .. . . . . . . . . . . . . . . . . . . стр. 7**

Издавач : Општина Ѓорче Петров ул.Ѓорче Петров б.б.
тел.02/2039-307;02/2039-308;
фах. 02/2033-309

Уредува : Одделение за Нормативa

Тираж : 50 примероци